Врз основа на член 59 став 3 и член 91 од Законот за рамномерен регионален развој (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2021 и 174/21), Министерот за локална самоуправа, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2022

## Член 1

Со оваа одлука се одобруваат проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година во вкупен износ од 95,335,840 денари.

## Член 2

Средствата од член 1 се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во Раздел 191.01 –Министерство за локална самоуправа , Потпрограма ОА -Рамномерен регионален развој, ставка 464-Разни трансфери, наведени во листата на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 која е дадена во Прилог и е составен дел на оваа одлука.

## Член 2

Доколку Министерството за локална самоуправа утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат распределени, корисниците на средствата согласно оваа одлука истите треба во целост да ги вратат во Буџетот на Република Северна Македонија.

## Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Министерството за локална самоуправа.

**Образложение:**

Средствата наменети за проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година, се утврдени во Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 70/22).

Министерството за локална самоуправа ја спроведе постапката за прибирање и оценување на предлог проектите за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, пропишанс во Законот за рамномерен регионален развој.

Врз основа на Извештајот за спроведено оценување на предлог проектите за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година, подготвен од Комисијата за оценка на проекти, Министерот за локална самоуправа изврши избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, од листата на позитивно оценетите проекти, додека бројот на проекти и износите за нивно финансирање се утврдени во согласност со расположивите средства од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година и поднесените барања за финансирање.

Бр. 02-845/5

22-07-2022/2022 г.

Министер за локална самоуправа
М-р Горан Милевски

ПРИЛОГ:

| ЛИСТА<br>СО ИЗБРАНИ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Бр** | **Подносител** | **Име на проектот** | **Вкупна вредност на проектот** | **Кофинанси рање** | **Побарувана сума од МЛС и БРР** | **Сума за финансирање на проектот** |
| 1 | Општина Босилово | Изградба на бетонски одводен канал с.Моноспитово | 4.697.762 | 100.000 | **4.597.762** | **4,000,000** |
| 2 | Општина Карбинци | Санација на мост на река Брегалница кај село Долни Балван | 9.715.704 | 2.915.704 | **6.800.000** | **5,800,000** |
| 3 | Општина Василево | Реконструкција на пат од центар на с.Доброшинци до центар на с.Ново Маала | 13.638.357 | / | **13.638.357** | **11,000,000** |
| 4 | Асоцијација за ревитализација на село ИЛИ-НИК с.Големо Илино, Демир Хисар | Набавка на трактор со приклучна механизација | 2,500,000 | / | **2,500,000** | **2,500,000** |
| 5 | Здружение велосипедски клуб ,,ЕКСТРИМ БАЈК ТИМ'' Битола, | Здружение велосипедски клуб ,,ЕКСТРИМ БАЈК ТИМ'' Битола, | 7,500,000 | / | **7,500,000** | **6,500,000** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Општина Кривогаштани | Поттикнување на развојот на културата и зачувување на културното наследство во општина Кривогаштани и регионот | 5,489,164 | **150,000** | **5,339,164** | **4,700,000** |
| 7 | Општина М.Брод | Доизградба на канал Лоштица за прифаќање на атмосферски води во М.Брод | 6.388.450 | / | **6.388.450** | **5,800,000** |
| 8 | Општина Струмица | Изградба на Дом на Култура во с.Куклиш, Струмица-Прва фаза | 8.301.589 | **4.150.794** | **4,150,794** | **4,000,000** |
| 9 | Општина Штип | За модерен, урбан и чист град | 6.600.00 | 600.000 | **6,000.000** | **5,000,000** |
| 10 | Здружение за чување на традиционални вредности Горно Нерези | Проект за реконструкција на кровот на црквата ,,Св. Пантелејмон'', Г. Нерези | 1.300.000 | 100.000 | **1.200.000** | **1,200,000** |
| 11 | Здружение за чување на традиционални вредности Горно Нерези | Реконструкција-санација на коловоз на јавен паркинг и Основен проект за потпорни конкструкции со вршење на геомеханички истражни работи с.Горно Нерези, Карпош | 1.500.000 | 200.000 | **1,300.000** | **1,300.000** |
| 12 | Општина К.Вода | Изградба на затворен пазар во општина Кисела Вода | 12.997.389,47 | 1.299.738,94 | **11,697,651** | **9,800,000** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Општина Битола | Изградба на линиски инфраструктурни градби согласно ДУП за АРМ, станбена улица 1 (сту1) Четврт 1, општина Битола | 5,846,300 | / | **5,846,300** | **4,000,000** |
| 14 | Општина Охрид | Развој на спортски туризам во општна Охрид- изградба на вежбалиште за голф | 6,380,500 | / | **6,380,500** | **5,700,000** |
| 15 | Општина Маврово и Ростуше | Реконструкција на пристапен пат до Црква,, Успение на Пресвета Богородица'' и околните куќи во с.Ростуше | 4,514,927 | / | **4,514,927** | **3,750,000** |
| 16 | Општина Маврово и Ростуше | Рехабилитација на локален пат од с.Битуше до Бигорски Скит ,,Св.Кирил и Методиј'' | 3,932,267 | / | **3,932,267** | **2,750,000** |
| 17 | Здружение за развој на младите Европска Младинска Асоцијација | ЕКО Крнино | 4,325,664 | / | **4,325,664** | **3,700,000** |
| 18 | Општина Шуто Оризари | Реконструкција и рехабилитација на ул. Нов Живот –крак 2 и крак 3 | 14.742.229 | / | **14.742.229** | **12.042,128** |
| 19 | Здружение БЛАГОСЛОВ, с.Ростуше | Манастирска сувенирница | 1,793,712 | / | **1,793,712** | **1,793,712** |
| **ВКУПНО:** | | | | | | **95,335,840** |